**20210590889**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 152/19, 244/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 март 2021 година, донесе

**УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2021 ГОДИНА**

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 12/21) во член 2 став (2) во табелата во подмерка 1.1. во делот „Поблиски критериуми и Висина на директните плаќања“ во алинеја 1 по зборот „сирак,“ се додава зборот „суданска трева,“.

Во алинејата 3 по зборот „сирак,“ се додава зборот „суданска трева,“.

Во став (3) во табелата во подмерка 2.5. во делот „Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања“ во алинејата 1 по зборовите „18 месеци“ се додаваат зборовите „ , да имаат минимална тежина од 450 килограми“.

Во подмерката 2.17. во делот „Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања“ во алинејата 1 бројот „35“ се заменува со бројот „10“.

Член 2

Во членот 3 ставот (5) се менува и гласи:

„Спроведување на мерките за директни плаќања по површина се врши врз основа на барања кои треба да содржат податоци за површината на земјишните парцели евидентирани во Системот за идентификација на земјишни парцели (СИЗП). Максималната дозволена површина на земјишните парцели евидентирани во СИЗП со утврдена употреба на земјоделско земјиште на земјоделското стопанство за кои се поднесува барање дополнително е ограничена со површината на катастарските парцели евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства. Административните проверки се вршат врз основа на податоците за површината на земјишните парцели евиденитирани во СИЗП со утврдена употреба на земјоделско земјиште на земјоделското стопанство со состојба до денот на поднесување на барањето и со податоците за површините на катастарските парцели евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства со состојба до денот на поднесување на барањето. При контролата на самото место, утврдувањето на големината на површината на декларираната култура се врши на целокупната парцела евидентирана во Системот за идентификација на земјишните парцели (СИЗП) и за сите СИЗП парцели, кои како подлога целосно или делумно ги имаат катастарските парцели евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства.“

Во ставот (24) по последната реченица се додава нова реченица која гласи:

„За набавка на дизел гориво за земјоделска механизација Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој спроведува постапка за доделување на договор за јавна набавка.“

Член 3

Во Прилогот 3 по точката 15 се додава нова точка 16 која гласи:

„16. Saffron – шафран“.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-3257/1
9 март 2021 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Artan Grubi,** с.р.